**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-497/7**

**Скопје, 30.06.2006 година**

**ДО**
**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Апелационен суд Штип за 2005 година кои се прикажани на страните од 14 до 16.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Апелационен суд Штип за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Македонка Попкартова, претседател на Судот до 10.06.2005 година
   - Ангел Стојанов, ВД претседател на Судот од 10.06.до 26.10.2005 година и
   - Боге Илиев, претседател на Судот од 26.10.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 14 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 10.04 до 12.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Добринка Весковска, Виш ревизор,
   - Христина Гочева - Начовска, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***10.1 Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Апелационен суд Штип заклучно со 31.12.2005 година нема извршено измена на документот за сопственост на објектот и земјиштето каде е сместен Судот по поседовниот лист кој гласи на Окружен суд Штип, а според Законот за судови, член 110 од 1996 година е преименуван во Апелационен суд, поради неподнесено барање за регулирање на измената во имотно правните односи и правниот статус на објектот и земјиштето каде е сместен Судот. Истото има влијание на реално искажување на недвижните ствари во книгата за недвижните ствари што ги користат државните органи, што е спротивно на Закон за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија” бр.8 од 07 февруари 2005 год.) со кој се регулираат овие неправилности.

**Препораки:**

Во текот на 2006 од страна на Судот извршено е регулирање на имотно правните односи и правниот статус на објектот и земјиштето каде е сместен Апелационен суд Штип.

10.1.2. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон, Законот на буџетите и Законот за извршување на буџетот на Република Македонија.

**Препораки:**

Претседателот на Судот да назначи одговорен сметководител, согласно член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

10.1.3. Апелационен суд Штип нема донесено Правилник за организација на работата, поради веќе воспоставениот начин на функционирање на Судот, односно не е постапено согласно член 9 од Судскиот деловник и член 77 од Законот за судовите, каде се регулира донесување на истото како работа од делокругот на внатрешното работење на судската управа. Истото има влијание на можноста за увид на внатрешната организација на судовите, оптимално пополнување на работните места и извршување на истите.

**Препораки:**

Правилник за организација на работата, е донесен во текот на ревизијата од страна на Судот.

10.1.4. Апелационен суд Штип нема донесено финансиски план за намените за кои што ќе се користат средствата, а по известувањето од Судскиот буџетски совет за распределба на приходите и трошоците како единка – корисник, поради неприменување на законската регулатива, што е спротивно на член 26 од Законот за буџетите. Истото има влијание на добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели.

**Препорака:**

Со цел добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели, Апелационен суд Штип за секоја буџетската година да донесува финансиски план.

10.1.5. Апелационен суд Штип нема изготвено Извештај за работењето за 2005 година со детална разработка и дополнување на податоците од билансот на состојба, билансот на приходи и расходи, што е спротивно на член 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на целосно разбирање на финансиските податоци преставени во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Апелационен суд Штип да изготвува Извештај за работењето за секоја буџетската година.

10.1.6. Заклучно со месец мај 2005 година, во основните плати на судиите е инкорпориран правосуден паушал, поради постапување по Заклучокот на Владата од 31.03.2003 година за што не постои законски основ за исплата, што е спротивно на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за исплата на плати во Република Македонија и има влиајание на зголемување на расходите за плати.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на неправилноста при исплата на правосуден паушал за судиите, поради тоа што во мај 2005 година е донесен Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија, со кои се регулираат овие неправилности.

10.1.7. Апелационен суд Штип врши исплати на финансиски средства за комунални услуги, греење и исплата на плата на лице кое е ангажирано какао економ и одржување на парното, трошоци кои се однесуватаа на зградата која е сопственост на Апелационен суд Штип во која се сместени и Основен суд Штип, Основно и Вишо јавно обвинителство и Јавно правобранителство на РМ, поради нерегулирање на меѓусебните односи со договор за разграничување на трошоците за сместување на истите во зградата , трошоците за комуналии и другите трошоци, што е спротивно на член 5 и член 9 од Законот за судски буџет. Истото има влијание на исплата на средства кои не претставуваат трошоци на ниво на судска власт, како и несоодветна распределбата на буџетот помеѓу судовите.

10.1.8. Издадена е просторија на приватно лице за вршење на угостителска услуга за потребите на Судот, без да има постапка за лицитација и договор за надоместок за користење на просторијата и надоместок на потрошокот на струја, вода и парно, поради користење на погодностите од извршените услуги од бифето (ниски цени), што е спротивно на член 5 од Законот за судски буџет и Закон за користење и располагање со стварите на државните органи. Поради плаќање на комуналии на приватни лица без регулирани меѓусебни односи, зголемени се без основ трошоците на Апелационен суд Штип.

**Препорака:**

Да се изврши регулирање на меѓусебните односи со договор за разграничување на трошоците со другите институции и приватно лице за вршење на угостителска услуга, сместени во зградата - сопственост на Судот, а во врска со трошоците за комуналии и другите трошоци

10.1.9. Во текот на 2005 година вршени се исплати за гориво за користење други возила - сопственост на Затворот Штип и Основен суд Струмица, поради користење на истите за потребите на Судот и тоа за: превоз на службени лица, превоз на слушатели од Судот за семинари и посети на судовите. За користење на други возила и исплата на средства не е донесена одлука од претседателот, што е спротивно на член 10 од Судскиот деловник и влијае на разграничување на потребата од користење на возилата и потрошените средства за гориво.

**Препорака:**

Во текот на вршењето ревизија од страна на Судот е донесена одлука за користење на други возила и исплата на средства за гориво.

10.1.10. Апелационен суд Штип со вработувањето на работниците од негова страна и од страна на Министерство за правда (судската полиција) заклучно со 31.12.2005 година нема склучени договори за работа со сите вработени, поради непочитување на законската регулатива, што е спротивно на член 16 од Законот за работни односи (Пречистен текст "Службен весник на РМ" број 80/2003 и член 13 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" обрнај 62/2005) и има влијание на утврдување на правата и обврските од работен однос во согласност со закон и колективен договор.

**Препорака:**

Да се склучуваат договори за работа со секое новвработено лице, согласно Законот за работни односи.

10.1.11. Не е презентиран соодветен акт кој ги регулира прашањата за исплата на плати на вработените во Апелационен суд Штип, поради веќе воспоставената пракса за исплата на плати врз основа на донесени решенија за плати со вработување на недржавните службеници, односно не е постапено согласно член 9 од Судскиот деловник и член 77 од Законот за судовите, каде се регулира донесување на истото како работа од делокругот на внатрешното работење на судската управа. Истото има влијание на можноста да се утврди реалноста и објективноста на исплатата на плати за истите.

**Препорака:**

Согласно општите одредби за внатрешното работење на судовите , односно делокругот на работите од внатрешното работење на судската управа, Апелационен суд Штип да го регулира начинот на пресметка и исплата на плати согласно постоечката законска регулатива.

10.1.12. За вработените во Апелационен суд Штип - државни службеници не се изготвени Решенија за плата, а за функционерите и Решенија за распоредување на работни места, поради продолжување на претходно утврдениот начин за пресметка на плати без постоење на истите, што е спротивно на одредбите од Законот за државни службеници и Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката. Истото има влијание на објективноста и реалноста на исплатата на платите.

**Препорака:**

Да се изготват Решенија за плата за државните службеници, а за функционерите и Решенија за распоредување на работни места согласно законската регулатива.

10.1.13. Не се издаваат потврди за исплатена плата на вработените во Апелационен суд Штип, поради непочитување на законската регулатива, спротивно на член 78 од Законот за работни односи и член 54 од Законот за државни службеници и истото има влијание на можноста за увид од страна на вработените за исплатената плата, надоместоци и придонеси.

**Препорака:**

Да се изготвуваат потврди за исплатена плата и истите да се издаваат на вработените, согласно законските прописи.

### *10.2 Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.2.1. Апелационен суд Штип заклучно со 31.12.2005 година не води задолжителни помошни книги: книга на набавки, книга на инвентарот и книга на капиталниот имот (материјална евиденција) за извршените набавки на основни средства, гориво, канцелариски материјал, средствата за хигиена и ситниот инвентар, поради неприменување на законската регулатива за начинот на водење на деловните книги, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што укажува дека не е воспоставена контрола на трошењето на истите.

**Препорака:**

Да се водат задолжителните помошни книги (материјална евиденција), согласно Законот и Правилникот за сметководсво на буџетите и буџетските корисници.

10.2.2. Извршено е нереално и необјективно прикажување на позициите во Билансот на состојба, поради тоа што истите не кореспондираат со вредностите и распоредот на сметките од главната книга и бруто билансот при изготвување на завршната сметка, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Материјални средства (во делот на Опремата) во Билансот на состојба за 2005 година се поголеми за износ од 973 иљади денари во делот на пренесената состојба од претходната година.

- Изворите на капитални средства (во делот на Државен-јавен капитал), во Билансот на состојба се помали за износ од 6.508 иљади денари, а за истиот износ се поголеми Краткорочните обврски спрема добавувачите во делот на пренесената состојба од претходната година и искажаната состојба во тековната година.

**Препорака:**

Сметководството при изготвување на финансиски иавештаи по завршна сметка да ги искажува податоците на позиции кои се во согласност со искажаните во главната книга и бруто билансот.

10.2.3. Ревизијата утврди неправилности во врска со проценување на билансните позиции, ревалоризацијата и пописот, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и тоа :

- Не е извршен попис и не е воспоставена евиденција на уметничките слики кои се сопственост на Ликовните колонии, како туѓи средства, поради неправилно толкување на одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници (член 32) за попис на туѓите основни средства, како и необезбедени пописни листи со вредност на туѓите средства. Претходното има влијание за утврдување на вистинската состојба на туѓите средства и усогласување со пописот на истите од страна на сопствениците.

- Позицијата Други материјални средства во Билансот на состојба е нереално и необјективно прикажана, поради тоа што не е извршен попис и воспоставена евиденција на набавена стручна литература во 2005 година, а сметководствено искажана само како трошок, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и има влијание на реалното искажување на билансните позиции.

- По извршениот попис за 2005 година, пописната комисија: не ги потврдила пописните листи; не извршила усогласувања на пописот со сметководствената евиденција; нема утврдено кусоци и вишоци на средствата, побарувањата и обврските; нема утврдено парични вредности за книжење на утврдените разлики и не е изготвен Извештај за попис, што е спротивно на членовите 29, 30, 31, 32, 33, 34 и 35 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влијание на утврдување на состојбата на позициите во Билансот на состојба.

- Не е извршен попис и нема воспоставено евиденција на залихите на материјали ( гориво, канцелариски материјал и средства за хигиена ) и ситен инвентар, односно за истите не се изготвува документ за приемот и издавањето, а сметководствено се искажани само на трошок, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Истото има влијание на можноста за утврдување на вредноста на залихата на материјалите, ситниот инвентар и материјалните средства.

**Препорака:**

Проценување на билансните позиции, ревалоризацијата и пописот да се вршат во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.2.4. За дел од фактурите за набавка на канцелариски материјал, стручна литература, средства за хигиена и ситен инвентар, не е приложена комплетна документација (приемници, испратници), поради несоодветно воспоставена пракса на обезбедување документација, што е спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и има влијание на уредното и веродостојно водење на сметководствената евиденција.

**Препорака:**

Да се обезбедува комплетна сметководствена документација во согласност со законските прописи.

10.2.5. Поради неупатеност во законската регулатива и не обезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, изготвувањето на финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници и тоа:

- не постои усогласеност помеѓу главната книга (која се води рачно) и финансиските извештаи и не се потпишани од овластено лице на Судот, како потврда на точноста и усогласеноста на дневникот и главната книга со законските одредби.
- не се изготвува бруто биланс и спецификација на добавувачи,
- не се врши усогласување на податоците искажани во главната книга на Судот и главната книга на Трезорот при изготвување на годишната сметка,
- се врши корекција на веќе изготвените и потпишани годишни сметки, на кој начин основните финансиски извештаи со завршната сметка не даваат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи, како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата.
- се врши погрешно пренесување на податоците од документите во главната книга, од главната книга во финансиските извештаи и се прават грешки во збировите на книговодствените картици.

**Препорака:**

Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, изготвувањето на финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството да се вршат во согласност со одредбите од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

10.2.6. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на трошоците направени за бензин, поради тоа што при користење на службените возила не се изготвуваат налози за користење на истите, како документација за прецизирање на целта и место на патувањето, како и поминатите километри со потврда за истото од претседателот на Судот, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

**Препорака:**

Да се изготвуваат налози за користење на службените возила.

10.2.7. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на трошоците направени за извршените услуги за поправки и сервисирање на лесни возила, поради недоставени работни налози за завршена работа и на кое возило е извршена услугата, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

**Препорака:**

Да се изготвуваат работни налози при поправки и сервисирање на службените возила.

### *10.3 Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

10.3.1. Од ставката Основни плати и надоместоци исплатени се повеќе средства во износ од 150 илјади денари, за превоз на судии со место на живеење вон Штип, во висина на билетот на автобускиот или железничкиот превоз, поради обезбедени средства од Судски буџетски совет и Решенија од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија од 2004 година, спротивно на член 13 од Законот за извршување на буџетот и има влијание на неосновано зголемување на расходите за превоз.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака за наодот во врска со исплатениот превоз за судии со место на живеење вон Штип, бидејќи во 2006 година се постапува по известување од Судски буџетски совет за исплатата на средствата за превоз согласно Законот за извршување на буџетот за 2006 година, односно не повеќе од 900 денари месечно.

10.3.2. Ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, поради погрешно евидентирање на расходите, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници и тоа:

- Ревизијата утврди неприкажување на расходите на Ставката Поправки и тековно одржување во Билансот на приходи и расходи, за извршени исплати кон добавувачите во износ од 32 илјади денари, поради погрешно пренесување на износите од налозите за книжење во главната книга и дневникот, а со тоа и во Билансот на приходи и расходи на завршната сметка за 2005 година.

**Препорака:**

Сметководството да врши точно и реално евидентирање и прикажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

10.3.3. Од ставката Договорни услуги извршена е исплата во износ од 88 илјади денари, за ангажирање на лице за одржување хигиена преку Младинска задруга, без побарана согласност од Министерство за финансии за вработување во буџетската година, на работно место кое не е пополнето согласно Правилникот за систематизација, што е спротивно на Законот за извршување на буџетот и има влијание на законската исплата на средствата.

**Препорака:**

Вработување во буџетската година на работни места кои не се пополнети согласно Правилникот за систематизација да се врши по претходно побарана согласност од Министерство за финансии.

10.3.4. Ревизијата не беше во можност да утврди дали исплатата на платите е вршена во согласност со член 3 од Законот за исплата на плати, односно дали платите се исплатуваат врз основа на утврденото право за исплата на плата од месец јуни 2002 година, поради не доставен документ - МП1 од кој може да се утврди истото.

**Препорака:**

При исплата на платите да се обезбедува комплетна документација.

10.3.5. Ревизијата не беше во можност да го утврди начинот на утврдување на основицата за плата на недржавните службеници (судски полицајци и хигиеничар), поради тоа што со распоредување на веќе вработени лица на работни места согласно Правилникот за систематизација, се изготвени решенија за плата врз основа на претходно утврдена основица, без акт за регулирање на истото, како и поради постоење на различни основици за исто работно место за веќе вработени лица – чувари, а распоредени како судска полиција без соодветно образование.

**Препорака:**

Утврдувањето на основицата за плата да се врши врз основа на донесени акти и законска регулатива.

### *10.4 Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

Поради неевидентирање и погрешно евидентирање на средствата, побарувањата и обврските ревизијата утврди нереално искажување на состојбите во Билансот на состојба, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и тоа:

10.4.1. Ставките Земјишта и Државен-јавен капитал во Билансот на состојба се нереално и необјективно прикажани, поради неизвршено евидентирање на земјиштето околу зградата со проценка на истото од надлежна институција за утврдување на нејзината вредност, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.4.2. Позициите Материјални средства (во делот на ставката Опрема и Исправка на вредноста) и Извори на капитални средства (во делот на Државен јавен капитал) во Билансот на состојба во износ од 6.508 илјади денари, се нереално и необјективно прикажани, поради неизвршена амортизација и ревалоризација на градежните објекти и опремата во период од 1994 - 2005 година и евидентирање од страна на сметководството, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, член 20 и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, член 28.

10.4.3. Позициите Залихи на материјали и Ситен инвентар во Билансот на состојба се нереално и необјективно прикажани, поради неевидентирање на сите набавки на материјали ( гориво, канцелариски материјал и средства за хигиена ) и ситен инвентар на залиха, во износ од 2.342 илјади денари, односно за истите не се изготвува документ за прием и издавање, а сметководствено се искажани само како трошок, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

10.4.4. Позициите Материјални средства (во делот на Опремата и Исправка на вредноста) и Извори на капитални средства (во делот на Државен јавен капитал), во Билансот на состојба се потценети, поради неевидентирана мерна разводна табла, а по обезбедено Решение од Судскиот буџетски совет за трајно користење во износ од 180 илјади денари, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.4.5. Позициите Материјални средства (во делот на Опремата и Исправка на вредноста) и Извори на капитални средства (во делот на Државен јавен капитал), во Билансот на состојба се потценети, поради неевидентирана набавка на материјални средства во износ од 63 илјади денари и тоа: монитори, мобилни телефони, радиокасетофон и диктафони, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.4.6. Позициите Активни временски разграничувања и Добавувачи во Билансот на состојба се потценети за износ од 1.747 илјади денари, поради неевидентирање како пренесени обврски во 2006 година и тоа: обврки за плати и други обврски спрема вработените, обврски за набавени други материјали и канцелариски материјал, обврски за неисплатен дел по фактури, што е спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и има влијание на реалното искажување на билансните позиции.

**Препорака:**

1. Да се изврши проценка на вредноста на земјиштето околу зградата од надлежната институција и да се воспостави евиденција во Билансот на состојба.

2. Сметководството да изврши амортизација и ревалоризација на градежните објекти и опремата за период од 1994 - 2005 година и евидентирање на истото на соодветните ставки од Билансот на состојба, како и извршување на истото во тековното работење.

3. Сметководството да воспостави евиденција на залихите на материјали (гориво, канцелариски материјал и средства за хигиена) и ситен инвентар во Билансот на состојба и да се изготват документи за прием и издавање.

4. Сметководството да воспостави евиденција на сите набавки на стручна литература.

5. Сметководството да воспостави евиденција на сите потценети позиции по иавршени набавки во 2005 година на мерна разводна табла, монитори, стручна литература, мобилни телефони, радиокасетофон и диктафони, согласно Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

6. Да се врши сметководствена евиденција на неисплатените обврски заклучно со 31.12., согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

***10.5 Ненаменско и незаконско користење на средства:***

*10.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи*

- Во текот на 2005 година искажани се расходи кои ги надминуваат планираните и одобрени средства со буџетот во износ од 528 илјади денари и тоа на:

  - ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт искажан е износ од 528 илјади денари повеќе во однос на евидентираните трошоци во сметководствената евиденција, односно истите се евидентирани на ставката Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, поради погрешно прикажани расходи во годишната сметка.

**Препорака:**

Да се врши наменско трошење на средствата согласно планираниот и одобрениот буџет.

*10.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

10.5.2.1. По спроведената постапка за јавна набавка со отворен повик за набавка на масло за горење за грејна сезона 2004–2005 година, ревизијата утврди неправилности и тоа:

- Отпочната е постапка во 2004 година, без обезбедени финансиски средства, што е спротивно на член 10 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на наменското трошење на средствата.
- Склучен е договор со ДОО ВАГО ПЕТРОЛ Штип, како најповолен понудувач, без да се наведе вредноста, цената и рокот на испораката, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 17 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на контролата за следење на извршувањето на договорите по вредност и времетраење.

- Ревизијата не може да даде свое мислење за реалноста и објективноста на спроведената постапка за јавна набавка, односно за делот на утврдена финансиска и економска способност на понудувачите, поради тоа што од страна на Судот (освен понудите и документацијата на избраниот најповолен понудувач) е вратена документацијата за финансиска и економска способност, што е спротивно на член 40 и 41 од Законот за јавни набавки.

10.5.2.2. Во текот на 2005 година исплатен е износ од 1.667 илјади денари, на ДОО ВАГО ПЕТРОЛ Штип по стар договор од 2004 година за набавка на масло за горење, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, поради недобиена согласност од Судскиот буџетски совет за склучување договор по спроведената постапка за јавна набавка на масло за горење за сезоната 2005 –2006 година од причини што за 2006 година набавката ќе биде спроведена од страна на Судскиот буџетски совет. Истото влијае на вршење набавки по постапки кои не се во согланост со одредбите од Законот за јавни набавки.

10.5.2.3. По спроведената постапка за јавна набавка на канцелариски материјал со отворен повик, ревизијата утврди неправилности што се во спротивност на член 40 од Законот за јавни набавки и влијае на реалноста и објективноста на спроведената постапка за јавна набавка и тоа:

- не е обезбедена комплетна документација за сите понудувачи согласно член 40 од Законот за јавни набавки,

- дел од доставената документација од понудувачите е постара од шест месеци, дел не е доставена во оригинал, што е спротивно на член 40 од Законот за јавни набавки,

- при утврдување на вредноста на доставените понуди, не е земено во предвид тоа што дел од артиклите во понудите се изразени во различни количински мерки, а во понудата на избраниот понудувач не е понудена цена за еден од производите, со што се намалува вкупната цена на доставената понуда од тој понудувач. Истото би можело да влијае на изборот на понудувачот.

10.5.2.4. Не се спроведени постапки за набавка од мала вредност во повеќе случаи, во вкупен износ од 380 илјади денари и тоа за набавка на: канцелариски материјал, стручна литература, монитори, радиокасетофон, средства за хигиена, ситен инвентар и извршени услуги за: сервисирање и поправка на возила, фотокопирање и одржување на компјутерска опрема, што е спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки. Истото би можело да влијае на вршење на несоодветни набавки.

10.5.2.5. Од ставката Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, вршени се набавки на канцелариски материјал од добавувачот Офсет МК-Скопје, кој не е составен дел на бараните и понудените артикли во спроведената постапка за јавна набавка со отворен повик, поради дополнително утврдена потреба од истите, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Истото би можело да влијае на вршење на несоодветни набавки.

**Препорака:**

Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки, набавките да се вршат во согласност со понудите од спроведените постапки за јавни набавки.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1 до 10.4. финансиските извештаи невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската положба на Апелационен суд Штип на ден 31 Декември 2005 и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применетата законска регулативата која важи во Република Македонија.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.5 кај Апелационен суд Штип не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 29.06.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

**Апелационен суд Штип**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 23,567 | 20,440 |
| **Вкупно приходи** | | **23,567** | **20,440** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 19,488 | 16,494 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 4 | 51 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 4,075 | 3,895 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **23,567** | **20,440** |
| **Вкупно расходи** | | **23,567** | **20,440** |

**Апелационен суд Штип**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 6,508 | 5,535 |
| **Вкупно постојани средства** | | **6,508** | **5,535** |
| **Вкупна актива** | | **6,508** | **5,535** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 6,508 | 5,535 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6,508** | **5,535** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1. | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **6,508** | **5,535** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | - | - | - |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| **Состојба 31.12.2005 година** | - | - | - |